Архитектонски факултет – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Во Скопје

УПИСИ 2025/2026
подготвителна настава

## ПОДГОТВИТЕЛНА НАСТАВА

за полагање на приемниот испит за запишување на Архитектонскиот факултет – Скопје (тест за утврдување склоност за студирање архитектура)

Со цел најсоодветна и најквалитетна подготовка на заинтересираните кандидати за полагање на приемниот испит за запишување во прва година на прв циклус студии по архитектура, Архитектонскиот факултет традиционално организира **подготвителна настава.**

Во подготовката и реализацијата на подготвителната настава учествува академскиот кадар на Архитектонскиот факултет. Учеството на подготвителната настава на кандидатите заинтересирани за запишување на Архитектонскиот факултет не е задолжително, но претставува **најквалитетен начин на подготовка за полагањето на приемниот испит**, односно полагањето на Тестот за утврдување на склоноста за студирање архитектура.

Подготвителната настава ќе се одржи со физичко присуство во амфитеатарот, големата сала и училниците на Архитектонскиот факултет - Скопје.

Подготвителната настава ќе трае 6 дена, а ќе се реализира во три дела:
(1.) 10 часа, односно 5 термини по 2 часа предавања,
(2.) 10 часа, односно 5 термини по два часа вежби на кандидатите на поставени задачи,
(3.) демо тестирање, односно симулација на полагање на приемниот испит.

**Подготвителната настава ќе се одржува од 30. јуни до 5. јули 2025 година.**

Предавањата ќе се одржуваат од **30. јуни до 4. јули 2025 година (понеделник до петок)**, со почеток во **10:00 часот** во амфитеатарот, а вежбите во големата сала и училниците на АФС со почеток во **12:00 часот**. Демо тестирањето ќе се одржи во сабота на **5. јули 2025 година, со почеток во 10:00 часот,** во просториите на АФС.

За учество на подготвителната настава, заинтересираните кандидати е потребно:

**(1.)** **да пополнат ПРИЈАВА;**
**(2.)** **да извршат уплата од 11.000,00 денари на налог ПП50**
најдоцна до 12 часот во среда, 25. јуни 2025 год., на следната жиро сметка:

| | |
|---|---|
| Назив на примачот: | **Буџет на СРМ, Архитектонски факултет Скопје** |
| Банка на примачот: | **Народна банка на СРМ, Скопје** |
| Број на сметка: | **100000000063095** |
| Сметка на буџетски корисник: | **160010420078812** |
| Приходна шифра: | **725939** |
| Програма: | **41** |
| Цел на дознака: | **уплата за подготвителна настава** |

**(3.)** **Пополнетата пријава и скен или фотографија од уплатницата** да испратат на електронската адреса: **dekanat@arh.ukim.edu.mk** или физички да ја донесат **пополнетата пријава и уплатницата во деканатот на Архитектонскиот факултет – Скопје најдоцна до 12 часот во петок, 27. јуни 2025 год.**